ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА
ДИМКО МИТРЕВ АД ВЕЛЕС ЗА ПЕРИОД ОД 01.01. ДО 31.03.2019 ГОДИНА

Во периодот од 01.01.до 31.03.2019 година ДИМКО МИТРЕВ а.д. Велес оствари нето добивка од 51 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година е помала за 67 %.

Имено во пресметковниот период е остварен вкупен приход од 66.847 илјади денари и во однос на вкупниот приход во 2018 година е поголем за 9%.
По структурата на застапеност во вкупните приходи нај големо учество имаат приходите од странскиот пазар и тие учествуваат со 97 %, приходите од домашен пазар со 2% и други приходи со 1 %.
Во остварените вкупни приходи нај голем дел се остварени приходи од продажба на сопствени производи и услуги наменети за извоз кој редовно се наплаќаат.

Во периодот од 01.01. до 31.03.2019 година вкупните расходи изнесуваат 66.796 илјади денари и во однос на вкупните расходи во 2018 година се поголеми за 9 %.
По структурата на застапеност во вкупните расходи нај големо учество имаат трошоците за суровини и репроматеријали и изнесуваат 32.325 илјади денари и во однос на истиот период од предходната година се поголеми за 11 %.
Трошоците за бруто плата на вработените изнесуваат 19.024 илјади денари и во однос на истиот период во 2018 година се поголеми за 9% и истите редовно се исплаќаат.
Во пресметковниот период од 01.01. до 31.03.2019 година вкалкулирани се нето плати во вкупен износ од 12.904 илјади денари и задолжителни придонеси за нето плата во износ од 6.120 илјади денари.

Димко Митрев а.д.
Велес